# Климатско собрание Скопје

## Фасилитаторски план и агенда

### Сесија 4

### Сабота, 30 март, 2024 г.

### Место: Хотел Солун, Скопје

| Време | Мин | Точка на агенда | Содржина | Одговорен | Материјал/Техника |
|---|---|---|---|---|---|
| **4 сесија, сабота 30 март 2024** | | | | | |
| **09:00 – 09:30** | **30‘** | **Подготовка на конференциската сала** | – Подготовка на табли (флипчарти)<br>– Уредување на к.сала според потребите на Собранието<br>– Поставување на материјали<br>– Подготовка на работни маси<br>– Подготовка на простор за регистрација<br>– Подготовка на техничка опрема<br>– Прием на учесници и упатување до место за регистрација<br>– Регистрација на учесници | Организациски тим | Проверка на листа со материјали<br><br>Список на учесници со потпис<br><br>Лепливи точки |
| | | **Поздравување и преглед на содржина** | | | |

| Време | Мин | Точка на агенда | Содржина | Одговорен | Материјал/Техника |
|---|---|---|---|---|---|
| **09:30 – 10:00** | **30‘** | **Поздравување од модератор**<br><br>**Преглед на третата сесија** | − Официјално поздравување од модераторот, односно главниот фасилитатор<br>− До каде сме со Собранието<br>− Организација на ден и време<br>− Останати логистички информации (кафе пауза, ужина)<br><br>**Прашања за трета сесија (случаен избор на најмалку две лица од маса):**<br>1. Што намјногу ве замисли од претходната сесија? Зошто?<br>2. Дали разговаравте со некого на темата? (пријатели, семејство, колеги, итн)?<br>3. Што поконкретно разговаравте со таа личност/личности? Какви реакции добивте и како тие размислуваат?<br>4. Како овие разговори влијаеја на вашето размислување за она што се разговараше за време на првата сесија? Зошто?<br>5. Доколку во текот на изминативе две недели дополнително читавте или истраживте, што прочитавте/научивте?<br>6. Дали и како тоа се одрази на вашето размислување во врска со темата? | Модератор | Модераторот избира по случаен избор најмалку две лица од секоја маса |
| | | **Вовед во темата: Аерозагадување во Скопје и јавното здравје** | | | |
| **10:00** | | **Претставување на експерти** | Воведување во предавањето за јавно здравје во Скопје, со цел сите учесници да се стекнат со исто познавање на темата.<br><br>Претставување на експерти:<br>- **д-р Трајче Стафилов**, експерт за еко-токсикологија<br>- **Проф. д-р Михаил Кочубовски,** специјалист по хигиена – Раководител на Оддел за здравствена екологија | Модератор | Модераторот да ги претстави експертите на учесниците и да ги потсети додека слушаат да фаќаат белешки, да запишуваат прашања или размислувања<br><br>**Презентацијата ќе трае до 10-20 минути, проследена со 3-** |

| Време | Мин | Точка на агенда | Содржина | Одговорен | Материјал/Техника |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - **Прим. Др. Спец. Фадил Цана**, инфектолог, директор на Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Скопје.<br>- **Александра Димова Манчевска**, УНДП Проект: Справување со загадувањето на воздухот во Скопје<br>- **Дарко Блинков,** генерален инспектор за животна средина<br>- **Проф. д-р Гордана Ристовска,** Институт за јавно здравје на Република Сверна Македонија, Медицински факултет Скопје | | **минутна дискусија/коментар од секој друг панелист.** |
| **10:00 – 10:20** | **20‘** | **Излагање на експерт 1: Др. Трајче Стафилоф, експерт по еко-токсикологија** | **Др. Трајче Стафилоф, експерт еко-токсикологија**<br>- Идентификација на жаришта за изложеност на загадување на воздухот во урбани средини во Скопје.<br>- Интеграција на геохемиски податоци со мониторинг на квалитетот на воздухот за засилена проценка на ризикот за јавно здравје.<br>- Поврзување на изворите на загадување на воздухот со ефектите врз човековото здравје: увиди од геохемијата на животната средина.<br>- Трендови во следењето на квалитетот на воздухот: искористување на напредни аналитички техники и геопросторни технологии.<br>- Стратегии за ублажување за намалување на загадувањето на воздухот и подобрување на јавното здравје: лекции научени од Балканот. | Експерт | Презентација од експертот |
| **10:20 – 10:40** | **20’** | **Излагање на Михаил Кочубовски, специјалист по хигиена - Раководител на Оддел за** | **Михаил Кочубовски, специјалист по хигиена**<br>- Влијанија на PM2.5 врз здравјето на граѓаните во Скопје: проценка на предвремена смртност и приеми во болница.<br>- Економските трошоци на загадување на воздухот: општествено оптоварување и финансиско влијание во Скопје.<br>- Можни сценарија за намалување на PM2.5: проценка на | Експерт | Презентација од експертот |

| Време | Мин | Точка на агенда | Содржина | Одговорен | Материјал/Техника |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **здравствена екологија** | здравствените и економските придобивки.<br>- Постигнување на стандарди за квалитет на воздухот на ЕУ и СЗО: импликации за јавното здравје и политиката.<br>- Квалитет на податоци во проценката на загадувањето на воздухот: Обезбедување на точност и сигурност.<br>- Стратегии за подобрување на квалитетот на воздухот во урбаните средини: пристапи за соработка и интервенција. | | |
| **10:40 – 11:00** | **20‘** | **Излагање на Прим. Др. Спец. Фадил Цана, инфектолог, директор на Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Скопје.** | **Прим. Др. Спец. Фадил Цана, инфектолог**<br><br>- Влијанието на загадувањето на воздухот врз здравјето: респираторни заболувања, кардиоваскуларни заболувања и невролошки нарушувања.<br>- Епидемиолошки докази: примери од секојдневието од линкот меѓу загадувањето на воздухот и негативни здравствени исходи.<br>- Важноста од рано откривање на болести поврзани со загадувањето на воздухот.<br>Потреба од насочени програми за скрининг за ранливите популации, вклучително и деца, стари лица и лица со претходно постоечки состојби. | Експерт | Презентација |
| **11:00 – 11:20** | **20‘** | **Пауза за кафе** | Надзор и организација на угостителските услуги<br>Неформална комуникација со учесниците | Учесници и цел тим | |
| **11:20 – 11:40** | **20‘** | **Излагање на Александра Димова, Проектен менаџер, УНДП** | **Александра Димова, Проектен менаџер, УНДП**<br><br>- Резултати од проектот “Справување со загадувањето на воздухот во Скопје”.<br>- Имплементација на експерименти за промена на однесувањето за справување со загадувањето на воздухот: научени лекции и најдобри практики.<br>- Стратегии за ангажирање на заедницата и достапност: мобилизирање на граѓаните за еколошка акција.<br>- Градење капацитети за организациите на граѓанското општество. | Експерт | Презентација |

| Време | Мин | Точка на агенда | Содржина | Одговорен | Материјал/Техника |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Дизајнирање на решенија за Скопје фокусирани на граѓанинот. | | |
| **11:40 - 12:00** | **20'** | **Дарко Блинков, генерален инспектор за животна средина** | **Дарко Блинков,** генерален инспектор за животна средина<br>- Како функционира „Загадувачот плаќа“ и како работи инспекторатот за да провери дали индустријата ги почитува еколошките прописи?<br>- Како да се погрижиме принципот „Загадувачот плаќа“ да се применува доследно?<br>- Што ќе се случи доколку компанијата не се придржува?<br>- Со какви проблеми се соочува инспекторатот кога се обидува да ги спроведе еколошките стандарди?<br>- Како да се обезбеди 24/7 функционирање на мерните станици во Скопје? | | |
| **12:00 - 12:20** | **20'** | **Проф. д-р Гордана Ристовска Институт за јавно здравје** | **проф. д-р Гордана Ристовска,** Институт за јавно здравје на Република Сверна Македонија, Медицински факултет Скопје<br>- Краток преглед на дискусијата за здравствени ефекти во Делфи групата за аерозагадување и здравствени ефекти. | | |
| **12:20 - 12:30** | **10'** | **Излагање на Пеце Ристевски, учесник** | - Предизвиците со времето и климата на градот Скопје, влијанието на климатски промени врз јавното здравје | учесник - експерт | Презентација |
| **12:30 – 13:15** | **45'** | **Групна дискусија за досегашното експертско излагање** | Фасилитаторите обезбедуваат по три самолепливи ливчиња на учесниците и ги замолуваат да напишат по два-три збора или фраза за она тукушто го слушнале од експертите, по една реченица или фраза на едно ливче<br><br>Експертите поминуваат покрај масите за време на групната дискусија<br><br>Фасилитаторите ги собираат самолепливите ливчиња и ги групираат по тема на флипчарт<br><br>Модераторот ги поставува следниве прашања:<br>– Зошто го избравте овој збор/фраза? | 4 експерти модератор, 2 лица со микрофони | Презентација |

<table>
<tr><th>Време</th><th>Мин</th><th>Точка на агенда</th><th>Содржина</th><th>Одговорен</th><th>Материјал/Техника</th></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>– Кои се најзагрижувачки прашања според вас кога станува збор за јавно здравје?<br>– Зошто?<br>– Дали има други прашања кои не се споменати досега на сесијата?<br>– Што мислите, кој треба да биде најодговорен за справувањето со јавното здравје?<br><br>Модераторот ги запишува одговорите на флипчарт<br><br>Дополнителни прашања засновани на одговорите од флипчартот:<br>– Зошто го кажавте ова?<br>– Прашајте за неспоменатите, како влада, бизниси, еколошки организации, јавноста<br>– Што мислите дека работат и придонесуваат?<br>– Што би требало да направат и допринесат?<br>– Што мислите дека ги поттикнува или попречува да преземат нешто?<br>– Кои заеднички вредности им се потребни на луѓето за да се справат со загадувањето на воздухот?<br><br>– Какви разлики постојат на глобално ниво во однос на локално ниво?</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>13:15 – 14:00</td><td>45‘</td><td>Генерирање на прашања<br><br>Експертите одговараат</td><td>– Фасилитаторот бара од учесниците да разговараат во своите групи за прашања кои би сакале да им ги постават на експертите<br><br>– Секоја група треба да ги напише 3-5 прашања на самолепливи ливчиња. Покрај прашањето треба да се наведе и експертот од кој се очекува да одговори (5 минути)<br><br>– Фасилитаторите ги собираат ливчињата и соодветно ги групираат на флипчарт<br><br>– По генерирање на прашањата, модераторот ја води сесијата за прашања и одговори со читање на прашањата поставени од групите  (5 минути)</td><td>Експерти, фасилитатори, учесници, целиот тим</td><td></td></tr>
</table>

| Време | Мин | Точка на агенда | Содржина | Одговорен | Материјал/Техника |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | – Експертите одговараат на прашањата | | |
| **14:00 – 14:30** | **30‘** | **Закуски и освежување** | Лесна закуска<br>Неформална комуникација со учесниците | Учесници и цел тим | |
| | | **Составување препораки за јавно здравје преку сценарија** | | | |
| **14:30 – 15:30** | **60‘** | **Разговарање за различни можности**<br><br>**Приоритизирање на сценарија** | **Секоја група работи по 3 различни сценарија:**<br><br>**15 минути за сценарио „Моментална состојба - не правиме ништо“**<br>Модераторот да го споделува сценариото А<br><br>– Ова е моменталната состојба во градот Скопје во однос на енергетиката. Ова покажува што се случува сега, тековните придобивки и компромиси<br>– Како се чувствувате во врска со ова?<br>– Што мислите дека треба да се промени, имајќи го предвид она што го разговаравме денес?<br><br>**15 минути на сценарио Б (ограничен напредок)**<br>**15 минути на Сценарио Ц (реален напредок)**<br><br>Модераторот да ги споделува двете различни идни сценарија – Б и В<br><br>Овде имаме две различни возможни идни сценарија, со опис како би можело да изгледа, заедно со дополнителните возможни придобивки и компромиси<br><br>**ПОВТОРЕТЕ ГИ ИСТИТЕ ПРАШАЊА ЗА СЕКОЕ СЦЕНАРИО (околу 15 минути за едно):**<br>Како се чувствувате во врска со ова идно сценарио?<br>Што ви се допаѓа во врска со него?<br>Зошто?<br>За што во врска со ова сценарио не сте сигурни?<br>Зошто? | Модератор<br><br>Фасилитатор | Испринтани копии од сценаријата<br><br>Самолепливи точки за гласање (црвени и зелени) |

| Време | Мин | Точка на агенда | Содржина | Одговорен | Материјал/Техника |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **10 минути за да ги споредат сите сценарија**<br><br>Кое најмногу ви се допаѓа?<br>Зошто?<br>Кое најмалку ти се допаѓа?<br><br>**Оценување на секое сценарио:**<br><br>**Зелени токени (самолепливи точки)**: Имате 5 зелени токени за да покажете колку мислите дека придобивките од секое сценарио ќе бидат добри за Скопје. Можете да ги ставите како што сакате низ сценаријата - доколку ви се допаднат придобивките на едното многу повеќе од останатите може да ги ставете сите 5 токени на тоа сценарио, или можеби ќе решите да ги распределите токените низ повеќе сценарија<br><br>**Црвени токени**: Имате 5 црвени токени за да покажете колку мислите дека ќе бидат тешки компромисите за секое сценарио – колку ќе бидат тешки за градот Скопје? Можеби мислите дека еден сет на компромиси е многу потежок од другите, затоа ќе одлучите да ги ставете сите 5 црвени токени на едно сценарио, или можеби ќе решите да ги распределите низ повеќе сценарија | | |
| **15:30 – 16:00** | **30'** | **Сумирање на сесијата и завршни зборови** | Фасилитаторите ги собираат резултатите на флипчарт - наведувајќи го секое сценарио, со оцени за заедничките придобивки и ограничувања<br><br>Со секоја група се разговара по пет минути за секоја тема за крајните резултати<br><br>Приврышување. Модераторот ја завршува сесијата со конечните резултати и навестување што ќе се случува понатаму | Модератор | |